# Извадок на дел од дневни настани 08.02.2020

На 08.02.2020 во 02,00 часот, полициски службеници од СВР Скопје од подрачјето на Бит Пазар ги лишиле од слобода М.И.(23) и С.Б.(52) двајцата од Скопје затоа што кај нив била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.02.2020 во 22,00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на бул."Илинден" го лишиле од слобода А.Б.(27) од Кавадарци затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.02.2020 во 22,00 часот, полициски службеници од СВР Скопје од подрачјето на Гази Баба го лишиле од слобода М.Р.(43) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок

На 06/07.02.2020 во времето од 20,10 до 10,40 часот на автопатот Скопје–Велес, на околу 900 метри пред тунел Канара-Велес, патничко моторно возило „хјундаи" со велешки регистарски ознаки управувано од Б.М.(38) од Велес излетало надвор од коловозот. Во незгодата возачот починал на местото на настанот. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот е дадено на обдукција Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Велес.

На 07.02.2020 во 13,10 часот во СВР-Охрид, било пријавено дека на место викано .„Лабино", имало повредено лице од пад на брегот од Охридското езеро. Полициски службеници излегле на местото на настанот, а од лекар од Итната медицинска помош констатирана била смрт. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Охрид и констатирано било дека се работи за К.С.(64) од Скопје. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено за обдукција.

На 07.02.2020 во 18,45 часот во Полициската станица Центар М.М.(39) од Скопје, пријавила дека на ул."Орце Николов" била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

На 07.02.2020 во 18,30 часот во Полициската станица Бит Пазар А.А.(39) од Скопје пријавил дека на бул."Крсте Мисирков" бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

На 07.02.2020 во 15,30 часот во СВР Скопје, било пријавено дека во тоалетот на казино во трговски центар во Скопје бил пронајден пиштол. На местото на настанот било излезено од полициски службеници и констатирано било дека се работи за пиштол кој бил сопственост на полициски службеник. Известени се Одделот за внатрешна контрола и Јавен обвинител.

На 07.02.2020 во Полициската станица Центар Е.Б.Ж.(54) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 13,40 часот на бул."Партизански одреди" две лица на мотоцикл извршиле тешка кражба на дрзок начин и насилно и одзеле една чанта во која имало пари, документи и друго. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.02.2020 година во 11,30 часот во СВР Тетово од Ургентниот центар Гостивар, било пријавено дека кај нив бил донесен починат Н.О.(69) од Р.Косово. Од полициски службеници било излезено на местото на настанот и по извршен разговор со роднини на починатиот утврдено било дека во Маврово, во ходник од хотел, во еден момент на Н.О. му се слошило и паднал. Извршен бил увид на местото на настанот од Јавен обвинител и Полициската станица Гостивар. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 08.02.2020 во 06,15 часот во Полициската станица Гази Баба, во службена просторија полицискиот службеник Д.Ѓ.(26), кој бил на работа при чистење на службениот пиштол испукал еден куршум и се повредил во пределот на левата дланка. За време на настанот во просторијата бил и уште еден полициски службеник кој не бил повреден. Д.Ѓ. бил пренесен во Комплексот клиники "Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош.

На 07.02.2020 во 04,50 часот постапувајќи по наредба за вршење на служба, мотопатрола од Полициската станица за граничен надзор „Сопот" на место викано „обиколница Костурник", забележала патничко моторно возило „Порше Каен" со скопски регистарски ознаки, кое се движело со голема брзина по автопатот Куманово-Граничен премин „Табановце". Мотопатролата се упатила по возилото и го пристигнале, по што возачот ги симнал мигрантите кои ги превезувал и избегал. На местото на настанот затекнати биле 10 лица-мигранти од кои седум лица од Пакистан, две лица од Турција и едно лице од Сирија по што биле пренесени во Транзитниот центар Табановце. Се работи на пронаоѓање на возачот и целосно расчистување на случајот.

На 07.02.2020 во Полициската станица Центар И.Ч.(41) од Гостивар, пријавил дека на Камениот мост, од непознато лице извршена му била тешка кражба на дрзок начин и одземени пари. Имено тешката кражба на дрзок начин била извршена на тој начин што откако пријавителот го извадил паричникот со цел да му даде пари на лице кое било на Камениот мост и имало некаков проблем, кон него се доближиле неколку непознати лица и едно од нив насилно му ги одзело парите, по што го напуштиле местото на настанот. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.02.2020 во 01,30 часот во СВР Скопје А.Б.(24) од Скопје, пријавил дека на 06.02.2020 околу 23,45 часот на ул."Аминта Трети" во кафе бар по претходна вербална расправија бил физички нападнат од Д.Ј. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.02.2020 во 12,00 часот во Полициската станица Центар Љ.Ј.(34) од Скопје, пријавил дека истиот ден околу 11,40 часот на ул. "Св Кирил и Методиј" бил физички нападнат од едно непознато лице. Причина за физичкиот напад било недоразбирање во сообраќајот. Се работи на расчистување на случајот.

Поради постоење основи на сомнение за сторено казнено дело „недозволено изработување,држење,посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи", Одделението за внатрешни работи Кичево, поднесе кривична пријава против Б.А.(27) од тетовското село Дреноец. При преглед извршен на 02.09.2019 година во патнички автомобил што тој го управувал во Кичево, во сопственост на неговиот татко, полициските службеници пронајдоа и одзедоа огнено оружје пиштол „Таурус" калибар 9 милиметри и рамка со десет куршуми за кои, пријавениот немал соодветна документација..

На 07.02.2020 во 17,00 часот било пријавено дека во Прилеп по претходна расправија 16 годишен малолетник бил физички нападнат од М.И. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.02.2020 во 17,35 часот било пријавено дека истиот ден околу 15,00 часот во Струмица на ул."Климент Охридски" Т.В.(45) од с.Градско Балдовци бил физички нападнат две непознати лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.02.2020 во 01,30 часот при вршење акциска контрола во угостителски објект во с.Неготино-гостиварско биле затекнати и приведени три странски државјанки, една од Р.Србија и две од Р.Косово, поради сомнение за нерегулиран престој во РСМакедонија. Потоа лишени од слобода биле А.М.(40) од Скопје затоа што при извршен преглед кај него бил пронајде пиштол ТТмодел М57 кал.7,62мм и еден оквир со девет куршуми кал.7,62мм и Б.К.(27) од Гостивар затоа што при извршен преглед кај него бил пронајден метален боксирач и други предмети. Лицата биле приведени во Полициската станица Гостивар за понатамошна постапка.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет